Република Северна Македонија

Агенција за квалитет во високото образование

ОДБОР ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Скопје - Shkup

Примено / Pranuar më: 09.09.2022

| Орг. един. Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
|---|---|---|---|
| 09 | 873/1 | | |


До

Агенција за квалитет во високото образование

Предмет: Извештај за работата на Одборот за евалуација за период од 01.01.2022 до 30.06.2022 година

Почитувани,

Ви го доставуваме шестмесечниот Извештај за работа на Одборот за евлуација, за период од 01.01.2022 до 30.06.2022 година, кој согласно член 53, став 2 од Законот за високото образование (Службен Весник на РМ, бр.82/2018), треба да се достави до Националниот Совет за високо образование и научноистражувачка дејност и Министерот надлежен за високото образование.

Воедно, согласно член 53 став 2 од Законот за високото образование (Службен Весник на РМ, бр.82/2018), Извештајот задолжително се објавува на веб страната на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Прилог: примерок од Извештај за работата на Одборот за евалуација за период од 01.01.2022 до 30.06.2022 година.

05.09.2022 година

Претседател на Одборот за евалуација
на високото образование

Проф. д-р Билјана Кузмановска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Скопје / Shkup

| Примено: Pranuar më: | | 09. 09. 2022 | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед. Njës. org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 09 | 873/2 | | |


Прилог

# ОБРАЗЕЦ
## за
## Извештајот за работата на Одборот за евалуација

| 1. Правна рамка |
|---|
| • Одборот за евалуација (ОЕ) врз основа на Законот за високото образование (Службен Весник бр.82. од 08.05.2018), Деловникот за работа на Одборот за евалуација и Извештајот на комисиите за евалуација на високообразовните установи, ја следи дејноста на високообразовните установи на кои им е дадена акредитација и решение за почеток со работа.<br>• Го следи и оценува квалитетот на вршењето на високообразовната дејност, научноистражувачката, уметничката и стручната работа на академскиот кадар на високообразовните установи, а посебно на нивните студиски програми најмалку на секои пет години и врз основа на тоа му предлага на Одборот за акредитација да ја продолжи или одземе акредитацијата.<br>• Предлага Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација до Националниот совет за високо образование.<br>• Дава препораки потребни за подобрување на нормативите и стандардите за вршење на високообразовна дејност.<br>• Врши и други работи согласно Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација.<br>• Врши и други работи утврдени со Закон.<br>• Одборот за евалуација на секои шест месеци доставува извештај за својата работа до министерството надлежно за работите на високото образование и до Националниот совет. Образецот за извештајот го пропишува министерот надлежен за работите на високото образование. Извештајот задолжително се објавува на веб страната на Агенцијата за квалитет и на веб страната на министерството надлежно за работите на високото образование. |
| 2. Состав на Одборот за евалуација |
| **Шест членови од редот на професорите во работен однос на универзитетите во Република Северна Македонија избрани со тајно гласање од Интеруниверзитетската конференција:**<br><br>Проф. д-р Владо Гичев (техничко-технолошки науки од Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип).<br><br>Проф. д-р Јусуф Зејнели (општествени науки од Универзитет во Тетово).<br><br>Проф. д-р Ирина Петровска (хуманистички науки од Универзитет „Св.Климент Охридски“ во Битола).<br><br>Проф. д-р Руменка Петковска (медицински науки и здравство од Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје.<br><br>Проф. д-р Билјана Кузмановска (земјоделски и ветеринарни науки од Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје).<br><br>**НАПОМЕНА:** Врз основа на објавен јавен повик, Интеруниверзитетската конференција на редовна седница одржана на 26.05.2022 година, за член на Одборот за евалуација го избрала проф. д-р Иван Радевски, вонреден професор на Природно математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, од научно истражувачкото подрачје од прво ниво според меѓународната Фраскатиева класификација – природно математички науки. Одлуката со бр. 19-622/2-3 од 26.05.2022 година, стапила на сила на |

денот на донесување и истата е доставена до избраниот член како и до Собранието на Република Северна Македонија.
За изборот на шестиот член од страна на Интеруниверзитетска конференција, АКВО и Одборот за евалуација до крајот на овој извештаен период не се званично информирани. За изборот, Одборот за евалуација доби информација од избраниот член, проф. д-р Иван Радевски, кој ја проследи Одлуката за изборот до претседателот на Одборот за евалуација, проф. д-р Билјана Кузмановска.

**Шест члена именувани од Владата на Република Северна Македонија, од редот на професорите во работен однос на јавните универзитети во Република Северна Македонија:**

Проф. д-р Цвете Димитриеска (Универзитет „Св.Климент Охридски" во Битола)

Проф. д-р Марина Митревска (Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје).

Проф. д-р Јасмина Делчева Диздаревиќ (Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје).

Проф. д-р Јетмира Алимани Јакупи (Универзитет во Тетово).

Проф. д-р Метуш Сулејмани (Универзитет во Тетово).

**НАПОМЕНА:** Од страна на службите на АКВО, преку е-маил комуникација до сите членови на Одборот, на 28.06.2022 година, доставена е информација со пропратна документација, дека е именуван шестиот член од страна на Владата на Република Северна Македонија, со Решение бр.14-5098/2 од 21.06.2022 год., со кое се назначува проф. д-р Иван Радевски. Оваа решение стапува на сила на денот на донесувањето и се објавува во Службен весник на Република Северна Македонија.

За настаниот проблем, односно назначување на ист член од страна на Интеруниверзитетска конференција и Владата на Република Северна Македонија, проф. д-р Иван Радевски, како и претседателот на Одборот за евалуација, проф. д-р Билјана Кузмановска, навремено реагираа до Директорот на АКВО, проф. д-р Агим Рушити, со барање истиот итно да ја извести Владата на РСМ дека проф. Иван Радевски е веќе избран од страна на Интеруниверзитетската конференција на 26.05.2022 година и да достави барање за именување на нов член во Одборот за евалуација од страна на Владата на РСМ.

*До крајот на овој Извештаен период односно до 30.06.2022 година, Одборот за евалуација нема добиено повратна информација во врска со овој проблем.

**Еден член именуван од најрепрезентативната организација на работодавачи:**

Ангел Димитров (Организација на работодавачи во Македонија).

**Еден член именуван од Македонската академија на науките и уметностите:**

Академик Владо Матевски (Македонска академија на науките и уметностите).

**Еден член избран од редот на студентите избран од Интеруниверзитетска конференција:**

Во извештајниот период нема делигиран претставник од редот на студентите од страна на Интеруниверзитетска конференција, како и во претходниот период, од конституирањето на Одборот за евалуација.

**ЗАБЕЛЕШКА:** Членот од редот на студентите, избран од страна на Интеруниверзитетска

| |
|---|
| конференција, никогаш не присуствуваше на седниците на Одборот во претходниот период, како што е наведено во досегашните полугодишни извештаи. Мандатот на студентот е со траење од две години, што значи дека на Интеруниверзитетска конференција треба да се поведе постапка за избор на нов претставник од редот на студентите во скоро време, за што Интеруниверзитетската конференција е навремено информирана од страна на Одборот за евалуација и директорот на АКВО. |
| 3. Надворешни стручни лица вклучени во постапките за евалуација |
| • Во периодот за кој се однесува Извештајот, не беа вклучени надворешни стручни лица во комисиите, работните групи односно работните тела на Одборот. |
| 4. Краток преглед за општата оценка за периодот 01/01/2022- 30/06/2022 (6 месеци) |
| • Одборот за евалуација во претходниот период, одржа вкупно 12 редовни седници (два пати месечно) и по укажана потреба одржа и дополнителни состаноци на комисии и работни групи заради извршување на одредени задачи.<br>• Заради актуелната состојба со пандемијата, седниците во овој период се одржуваа онлајн, преку платформата Teams, освен една седница која се одржа со физичко присуство на 07.03.2022 год. во просториите на Клубот на пратеници, заради потребите на точките од дневниот ред, односно избор на нов претседател на ОЕ.<br>• Во овој извештаен период, ОЕ своите активности во континуитет ги насочи кон извршување на тековните и произлезените обврски согласно ЗВО, при што главниот фокус беше насочен кон изготвувањето на конечната верзија на Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација, кој по неговото усвојување на редовната седница на ОЕ, беше доставен до Националниот совет за високо образование и научноистражувачка работа. Имено, согласно ЗВО, Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација на предлог на Одборот за евалуација го донесува Националниот совет, во согласност со Министерот надлежен за високото образование.<br>• Во извештајниот период, Правилникот за стандардите и постпката за надворешна евалуација и самоевалуација беше донесен од Националниот совет во согласност со Министерот надлежен за високото образование, но од технички причини се уште не беше објавен во Службен весник, односно не беше стапен на сила.<br>• По донесувањето на Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација од страна на Националниот совет и во согласност со Министерот, Одборот за евалуација пристапи и кон донесување на нов Деловник за работа, кој е изготвен во согласност со ЗВО и Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација.<br>• Исто така, Одборот за евалуација и во овој шестмесечен период имаше интензивна соработка со сите релевантни институции и тела, односно АКВО, МОН и Националниот совет, со цел реализирање на своите законски и работни обврски. |
| **5. Краток преглед за наредниот период 01/07/2022- 31/12/2022** |
| Дел од активностите на Одборот за евалуација планирани за периодот 01/07/2022 до 31/12/2022 ќе се реализираат по стапувањето на сила на донесениот Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација, односно по неговото објавување во Службен весник на РСМ.<br>Активностите детално се предвидени во Годишниот план за работа на Одборот за евалуација од 07/2022 до 12/2022 година. Во основа истите вклучуваат:<br>• Објавување на јавен повик за избор на странски експерти за спроведување на надворешна евалуација на високообраовни установи и студиски програми во РСМ – планиран период 08/2022-09/2022<br>• Објавување на јавен повик за студенти за спроведување на надворешна евалуација на високообразовни установи и студиски програми во РСМ – планиран период 08/2022-09/2022<br>• Донесување на Годишен план за спроведување на надворешна евалуација на |

високообразовни установи во РСМ – планиран период 09/2022-10/2022

- Формирање на стручни комисии за спроведување на надворешна евалуација на високообразовните установи во РСМ – планиран период 10/2022-11/2022
- Известување на единиците кои ќе бидат предмет на надворешна евалуација – планиран период 10/2022-11/2022 година.
- Разгледување и евалуација на доставените материјали од страна на Стручните комисии при Одборот за евалуација - планиран период – тековни активности во 12/2022 и 2023 година.
- Посети на ВОУ од страна на Стручните комисии – тековни активности 12/2022 и 2023 година.
- Пишување извештаи и давање оценка за извршената надворешна евалуација од страна на Стручните комисии, како и поднесување на усвојување на истите од страна на Одборот за евалуација на високото образование – тековни активности во 2023 година.
- Усвојување на извештаите од спроведените надворешни евалуации на ВОУ од страна на Одборот за евалуација – тековни активности во 2023 година.
- Доставување на извештаите од надворешна евалуација до ВОУ кои биле предмет на надворешна евалуација – тековни активности во 2023 година.
- Во случај на постоење на предлог за одземање на акредитација на ВОУ или определени студиски програми во извештаите од надворешна евалуација, доставување на извештаите до Одборот за акредитација за нивно понатамошно постапување – тековни активности во 2023 година.
- Понатамошна соработка со релевентните чинители кои придонесуваат за зголемување на квалитетот на високото образование.

Се надеваме дека со помош на АКВО и МОН, во претстојниот период навремено ќе се доекипираат ОЕ и Стручните комисии и ќе се отпочне со процесот на евалуација на високообразовните установи и нивните студиски програми.

6. Организација на работата

- Организацијата на работата на Одборот за евалуација, е поблиску уредена со Деловникот за работа кој го донесе Одборот за евалуација.
- Одборот за евалуација од редот на членовите избира претседател и заменик претседател.
- Согласно укажани потреби се формираат комисии и работни групи, како што се Комисија за донесување на нов деловник за работа на ОЕ, комисија за изработка на Шестмесечен извештај за работата на Одборот за евалуација, работна група за подготовка на Јавен повик за странски експерти и студенти за спроведување на надворешна евалуација, работна група за изработка на Упатство за подготвување на документација за спроведување на надворешна евалуација, како и други комисии и работни групи со цел да се реализираат одредени тековни активности кои се во надлежност на Одборот за евалуација.

Одборот за евалуација во изминатиот шестмесечен период одржа вкупно 12 редовни седници, како и неколку седници на комисии и работни групи по укажана потреба.Текот на активностите на ОЕ во продолжение се дадени хронолошки, според дневниот ред на одржаните седници во периодот 01 јануари – 30 јуни 2022 година.

1. Одборот за евалуација, врз основа на чл. 53, став 2 од ЗВО, на редовна седница формираше трichлена комисија од редот на членовите на ОЕ, надлежна за изготвување на Извештај од спроведена самоевалуација на Одборот за евалуација на високото образование на РСМ за периодот од март 2020 до февруари 2022 година, согласно претходно донесеното Упатство за воспоставување на Внатрешен систем за обезбедување на квалитет и интегритет на Одборот за евалуација на високото образование. Ова е пропишано барање и во овој Извештај, па затоа активностите

поврзани со ова ќе бидат подетално образложени во продолжение, во точката 10.1. од овој Извештај.
2. Постапката за самоевалуација беше успешно спроведена и резултира со Извештај за самоевалуација на Одборот за евалуација на високото образование на РСМ за периодот од март 2020 до февруари 2022 година, чии наоди беа констатирани на редовна седница на ОЕ. Дел од наодите од Извештајот за самоевалуацијата се составен дел и на овој шестмесечен Извештај (точка 10.1).
3. ОЕ на почетокот на оваа календарска година, јануари – февруари интензивно работеше на докомплетирање на Предлог Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација, заради утврдената потреба од негово допрецизирање и финализација, особено во делот на индикаторите за исполнување на стандардите, како и во врска со потребните документи во постапката за спроведување на надворешна евалуација на високото образование. Во таа насока, Одборот за евалуација работеше на разработка и утврдување на индикатори за секој од предвидените стандарди како и начинот на нивно оценување, подготовка на дополнителни документи во форма на Анекс кон Правилникот, кои Одборот ќе ги ползува во текот на постапката: конкурс за странски експерти, договор за ангажман, модел-извештај за сите надлежни тела, модел за изјави и др.
4. Предлог Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација беше утврден и усвоен од страна на членовите на ОЕ на редовна седница во февруари и беше препратен на понатамошна постапка, кој согласно ЗВО треба да го донесе Националниот совет за високо образование а во согласност со Министерот надлежен за високото образование.
5. Заради истекување на мандатот на претседателот на Одборот за евалуација, кој согласно член 54 став 5 од ЗВО е во траење од две години без право на повторен избор, на првата редовна седница на ОЕ во март 2022 година (со физичко присуство), едногласно беше избран нов претседател на ОЕ, со што заврши мандатот на проф. д-р Марина Митревска, а на нејзино место се избра нов претседател - проф. д-р Билјана Кузмановска со мандат од две години, почнувајќи од 12.03.2022 год. За промена на претседателот на ОЕ беа навремено информирани АКВО, МОН и останатите релавантни тела со кои ОЕ има соработка.
6. Во извештајниот период се формираа работни групи за подготовка на јавен повик за странски експерти и студенти како членови во стручните комисии за надворешна евалуација, согласно Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација, од чија работа произлегоа соодветни материјали, основно нацрт текст за Јавен повик за странски експерти за спроведување на надворешна евалуација на високообразовни установи и студиски програми во РСМ и нацрт Образец за пријавување на странски експерти, како и нацрт текст за Јавен повик за студенти за спроведување на надворешна евалуација на високообразовни установи и студиски програми во РСМ и нацрт Образец за пријавување на студенти.
7. По барање на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка работа, на редовна седница на ОЕ е номиниран член во Работна група за измена и дополна на Законот за високо образование од редот на членовите на Одборот за евалуација, проф. д-р Марина Митревска, која согласно своето досегашно долгогодишно искуство како настаник но и како доскорешен претседател на ОЕ, со сигурност ќе даде голем придонес во најавените активности.
8. По донесувањето на Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација од страна на Националниот совет, а во согласност со министерот надлежен за високото образование, се јави потреба од донесување на нов Деловник за работа на Одборот за евалуација на високото образование, за што беше формирана Комисија во состав: проф. д-р Билјана Кузмановска, проф. д-р Марина Митревска, проф. д-р Цвете Димитриеска, проф. д-р Ирина Петровска и проф. д-р Јусуф Зејнели, која навремено го изготви предлог Деловникот за работа на ОЕ и на последната работна седница на ОЕ во овој извештаен период истот беше едногласно усвоен.
9. Согласно член 24 став 2 од донесениот Правилник за стадардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација, беше формирана и работна група за

| |
|---|
| подготовка на Упатство за подготовка на документација за спроведување на надворешна евалуација на ВОУ, во состав: проф. д-р Јасминка Делчева Диздаревиќ, Ангел Димитров и проф. д-р Билјана Кузмановска.<br>10. Согласно член 5, став 2 од новиот Деловник за работа на Одборот за евалуација, а заради истекот на мандатот на заменик претседателот на ОЕ, на последната редовна седница на ОЕ, беше едногласно избран со јавно гласање, старо новиот претседател на ОЕ, проф. д-р Јетмире Алимани Јакупи, за период од најмногу до две години.<br><br>• Сумиран заклучок од реализираните активности за извештајниот период: Членовите на ОЕ на редовните седници, земаа активно учество во разрешување на сите тековни обврски, дилеми поврзани со делокругот на работа на Одборот и даваа свој личен и професионален придонес. Покрај актуелната пролонгирана состојба со пандемијата, Одборот своите работни задачи и обврски ги реализираше навремено и професионално, без никаков застој во нивното извршување и во овој извештаен период. |
| 7. Преглед на финансиското работење |
| • Во претходниот извештаен период, Владата на РСМ донесе Одлука за видот и висината на надоместоците за трошоците во постапката на евалуација врз основа на реално направени трошоци, како и надоместоците на членовите на Одборот за евалуација на високото образование врз основа на присуство на седница и обем на извршена работа, која е објавена во Службен весник на РСМ, бр.269/21 од 03.12.2021 год., со што Одлуката за дополнување на Одлуката стапи на сила.<br><br>• Во однос на останатите аспекти од финансиското работење, Одборот ќе се произнесе кога ќе започнат активностите поврзани со евалуација на високообразовните установи и студиските програми, односно кога комисиите, согласно годишниот план за работа ќе станат мобилни, со реално направени трошоци. Од таа причина, во овој извештаен период финансиското работење на Одборот е поврзано само со исплата на редовните месечни надоместоци на членовите на Одборот. |
| 8. Разгледувани и усвоени прописи |
| • Усвоен предлог Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација, доставен до Националниот совет за донесување.<br>• Усвоен нов Деловник за работа на Одборот за евалуација.<br>• Разгледување на Законот за националната рамка на квалификации (Службен Весник бр.137/2013 и 30/2016 година).<br>• Разгледување на Законот за високото образование (Службен Весник бр.82/2018).<br>• Разгледување на Уредба за нормативи и стандарди за основање на високообразовните установи и за вршење на високообразовната дејност.<br>• Разгледување на листа на акредитирани Универзитети во Република Северна Македонија.<br>• Утврден текст за јавен повик за странски експерти за спроведување на надворешна евалуација и образец за пријавување.<br>• Утврден текст за јавен повик за студенти за спроведување на надворешна евалуација и образец за пријавување.<br>• Разгледување на предлог Решение за исплата на патни трошоци на членовите на Одборот за евалуација на високото образование, доставено до МОН.<br>• Разгледување на предлог Извештај за самоевалуација и оценување на квалитетот на високообразовната установа и студиските програми.<br>• Разгледување на Упатства за изготвување на документација за Извештај за самоевалуација и оценување на квалитетот на високообразовните установи и студиските програми.<br>• Разгледување и усвојување на Упатство за воспоставување на Внатрешен систем за обезбедување на квалитет и интегритет на Одборот за евалуација на високото |

образование.

- Разгледување на прописи поврзани со спроведување на надворешна евалуација на работењето на Одборот за евалуација.

9. Тековна состојба за усогласеноста на постапките со ESG2015

- Предлог Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација, кој Одборот за евалуација го усвои е целосно усогласен со Стандардите и насоките за обезбедување на квалитет во Европскиот простор на високо образование (*Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area* или ESG, 2015). Овој правен акт е основа за вршење на надворешна и внатрешна евалуација на високообразовните установи во Република Северна Македонија, во кој поблиску се опишани стандардите и насоките за спроведување на евалуацијата.
- Одборот за евалуција во овој извештаен период го допрецизирање и финализира Предлог Правилникот за постапката и стандардите за надворешна евалуација и самоевалуација, особено во делот за потребните документи во постапката за спроведување на надворешна евалуација на високото образование, како и утврдувањето на индикатори за предвидените стандарди како и начинот на нивно оценување, подготовка на дополнителни документи во форма на Анекс кон Правилникот, кои Одборот ќе ги ползува во текот на постапката: конкурс за странски експерти, договор за ангажман, модел-извештај за сите надлежни тела, модел за изјави и др.
- Одборот за евалуација после спроведените посети на Универзитетите во РСМ во текот на 2021 год., ги прифати и ценеше конструктивните предлози и сугестиите од страна на Универзитетите и ВОУ, поврзани со изработка и пропишување на индикаторите за квалитет, согласно ESG – ENQA стандардите, како и други препораки потребни за подобрување на нормативите и стандардите за вршење на високообразовната дејност, во надлежност на ОЕ.
- Одборот за евалуација во извештајниот период ја продолжи коресподенцијата со ENQA, кои согласно веќе воспоставената пракса го информираат ОЕ за одредени активности поврзани со квалитетот на високото образование.

10. Систем за обезбедување на квалитет

10.1 Внатрешен систем за обезбедување на квалитет и интегритет

Во минатиот извештаен период, членовите на претходно формираната комисија во состав: проф. д-р Јусуф Зејнели, проф. д-р Цвете Димитриеска и проф. д-р Руменка Петковска, имаа задача да подготват Правилник за внатрешен систем за обезбедување на квалитет и интегритет и надворешна проверка на работата на Одборот за евалуација, од што произлезе „Упатство за воспоставување на Внатрешен систем за обезбедување на квалитет и интегритет на Одборот за евалуација на високото образование", кое е сочинето од општ дел и анкетен прашалник. На првата редовна седница од овој извештаен период, беше формирана трichлената комисија во состав: проф. д-р Владо Гичев, проф. д-р Јасмина Делчева - Диздаревиќ, проф. д-р Ирина Петковска задолжена за изготвување на Извештај за внатрешен систем за обезбедување на квалитет на Одборот за евалуација на високото образование, согласно Упатството и прашалникот како анекс. Со техничка поддршка на проф. д-р Цвете Димитриеска активноста се реализира преку спроведување на анонимна електронска анкета, со претходно изготвени прашања, на кои одговараа членовите на ОЕ, од што произлезе Извештајот од спроведена самоевалуација на ОЕ на ВО на РСМ за периодот март 2020 до февруари 2022 год. Извештајот кој е сочинет од општ дел и дел каде е дадена анализа на добиените одговори, поткрепена со SWOT анализа, реално ја отсликува состојбата на ОЕ, неговите активности, соработката со ОА, АКВО, МОН, ВОУ како и поширока општествена заедница.

| |
|---|
| Членовите на ОЕ на редовна седница, ги констатираа наодите во изготвениот Извештај од спроведена самоевалуација на ОЕ на ВО на РСМ за периодот март 2020 до февруари 2022 год. Ваков Извештај согласно Упатството, се доставува еднаш во две години од мандатот на членовите на ОЕ. |
| 10.2 Надворешна проверка на работата |
| • Процесот на надворешна проверка на работата на Одборот за евалуација, додека не се предвиди поинаку, се врши на овој начин со изготвување на полугодишни извештаи за работата на Одборот, кои се доставуваат до министерството надлежно за работите на високото образование и до Националниот совет. РСМ сеуште е придружна членка на ENQA, а со полноправното учество на нашата држава во оваа европска асоцијација, обврската за надворешна проверка на работата на Одборот, ќе се реализира согласно европските стандарди и регулативи. |

| |
|---|
| 11. Предлози до Одборот за акредитација на високото образование за продолжување на акредитации на студиски програми |
| Одборот за евалуација, во изминатите 6 месеци од овој извештаен период од своето работење, сеуште нема извршено надворешна евалуација на ВОУ и студиски програми, од причина што Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација се уште не е стапен на сила. Оттука, Одборот за евалуација нема доставено предлози за продолжување на акредитации на студиски програми до Одборот за акредитација и во овој извештаен период. |
| 12. Предлози до Одборот за акредитација на високото образование за одземање на акредитации на студиски програми |
| Одборот за евалуација во овој извештаен период нема доставено предлози за одземање на акредитации на студиски програми до Одборот за акредитација, од причина наведена во точка 11. |
| 13. Оценка за квалитетот на вршењето на високообразовната дејност |
| Одборот за евалуација во овој извештаен период нема дадено оценка за квалитетот на вршењето на високообразовната дејност на ВОУ во Република Северна Македонија, од причина наведена во точка 11. |
| 14. Оценка за квалитетот на уметничката и стручната работа |
| Одборот за евалуација нема дадено оценка за квалитетот на изведувањето на уметничката и стручната работа на кадарот на ВОУ во овој извештаен период, од причина наведена во точка 11. |
| 15. Оценка за релеватноста и квалитетот на научните истражувања |
| Одборот за евалуација нема дадено оценка за релевантноста и квалитетот на научните истражувања во овој извештаен период, од причина наведена во точка 11. |
| 16. Оценка на квалитетот и релевантноста на докторските, магистерските и специјалистичките трудови |
| Одборот за евалуација нема дадено оценка за квалитетот и релевантноста на докторските, магистерските и специјалистичките трудови на високообразовните установи, од причина наведена во точка 11. |
| 17. Оценка за квалитетот на резултатите од учењето и нивното исполнување според структурата и активностите на студиската програма |
| Одборот за евалуација нема дадено оценка за квалитетот на резултатите од учењето и нивното исполнување според структурата и активностите на студиската програма. Причините се наведени во континуитет, во погоре наведените точки. |
| 18. Оценка за системите и постапките за самоевалуација и релеватноста на студентските анкети |
| Заради неможноста да се формираат стручните комисии, не се разгледувани и анализирани постапките за самоевалуација и студентските анкети. |
| 19. Дадени препораки за подобрување на нормативите и стандардите за вршење на |

високообразовната дејност или дадени други препораки поврзани со делокругот на работа

Стручните комисии сеуште не се формирани со што не се создадени услови да се дадат конкретни препораки по извршена евалуација.

20. Оценка за наодите за оценувањата, нивната примена и релевантност, за постигнувањето на резултатите од учењето на студентите кои ги применуваат високообразовните или научните установи

Одборот за евалуација не пристапи кон оценувања на постигањата на резултатите од учењето на студентите заради неможноста да се исполнат условите предвидени во Законот за високото образование.

21. Разгледувани жалби и постапките по нив

Во Одборот за евалуација во изминатиот период не се водени постапки по жалби.

22. Обуки за членовите на Одборот

Во извештајниот период, членовите на Одборот за евалуација учествуваа на неколку работилници во форма на обуки, во рамки на Твининг проектот за развивање и имплементација на Националната рамка за квалификации, финансиран од ЕУ, чиј корисник е МОН. Една од компонентите на проектот е посветена на Квалитетот на високото образование, односно проектот има за цел да ги зајакне капацитетите на новите органи и тела согласно ЗВО кои се директно инволвирани во обезбедувањето на квалитетот на високото образование (АКВО, Одбор за евалуација, Одбор за акредитација и Национален совет за високообразование и научноистражувачка работа). Одржани беа вкупно 4 работилници и еден настан во рамките на проектот, на кои активно учество земаа неколку членови на Одборот за евалуација и тоа:

- Првата работилница за Обезбедување на квалитет во високото образовение беше одржана на 12.01.2022 година во просториите на МОН, на која активно учество зема проф. д-р Билјана Кузмановска. На работилницата, беа присутни и претставници на АКВО, Одборот за акредитација и Националниот совет.
- Втората работилница за Обезбедување на квалитет во високото образование се одржа на 08.02.2022 година во просториите на МОН, на која активно учество зема проф. д-р Владо Гичев. На оваа работилница повторно имаше претставници од Одборот за евалуација и Националниот совет.
- Третата работилница се одржа на 03.03.2022 година во просториите на МОН, на која активно учество земаа проф. д-р Владо Гичев и проф. д-р Цвете Димитриеска. На оваа работилница беа исто така присутни претставници на Одборот за акредитација и Националниот совет.
- Четвртата работилница се одржа на 22.03.2022 година во просториите на МОН, на која активно учество земаа проф. д-р Билјана Кузмановска и проф. д-р Владо Гичев. На оваа работилница беа поканети само претставници на двата Одбори во рамките на АКВО (Одбор за евалуација и Одбор за акредитација), а главен фокус на работилницата беше работењето и функционирањето на истите.
- Во рамките на проектот, одржан беше и промотивен настан во хотел Мериот, на 09.03.2022 година, на кој настан беа поканети сите чинители во сферата на високото образование. Од Одборот за евалуација на настанот присуствуваа проф. д-р Марина Митревска и проф. д-р Јетмире Алимани Јакупи.

23. Обуки за надворешни стручни лица вклучени во постапките за евалуација

Во овој период не се реализирани обуки за надворешни стручни лица вклучени во постапките за евалуација на системот за обезбедување на квалитет.

24. Учества на конференции/состаноци

/

25. Посети на делегации

Во извештајниот период, претседателот на ОЕ, проф. д-р Билјана Кузмановска, на барање на Државното студентско собрание на РСМ оствари работна средба со делегација од Европската студентска унија. Работната средба беше одржана во

просториите на УКИМ, на 29.03.2022 година, на која присуствуваа 5 претставници на Европската студентска унија, односно по еден претставник на Литванија, Чешка, Словенија, Италија и Холандија. На средбата беа поканети претседателите на Одборот за евалуација и Одборот за акредитација, а главен фокус на средбата беше улогата и статутот на студентите во високото образование, заради исполнување на условите за рамноправно членство на Државното студентско собрание на РСМ во Европската студентска унија.

26. Остварена соработка

Во извештајниот период, претседателите на ОЕ, проф. д-р Марина Митревска и проф. д-р Билјана Кузмановска остварија неколку работни состаноци со министерот за образование и наука, д-р Јетон Шаќири, со заменикот министер на образование, проф. д-р Лулзим Алиу и претседателот на Националниот совет, проф. д-р Тодор Серафимовски, како и со директорот на АКВО, д-р Агим Рушити.

27. Издавачка дејност

Во извештајниот период Одборот за евалуација го утврди и усвои Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација, кој по стапувањето на сила ќе биде објавен на веб страната на АКВО. Освен тоа, во извештајниот период, Одборот донесе и нов Деловник за работа, кој исто така се очекува во најскоро време да биде објавен на веб страната на АКВО.

28. Состојба со мрежната страница на Одборот

http://www.akvo.mk, Службата на АКВО е одговорна за одржување на мрежната страница. Донесените акти од страна на Одборот за евалуација преку архива на АКВО се доставени до АКВО и истите се објавени на Веб страната.

29. Разгледувани документи и тематски анализи

- Закон за високо образование (Службен весник на Република Македонија, бр.82/2018 година.
- Стандарди и насоки за обезбедување на квалитет во Европскиот простор на високо образование (*Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area* или ESG, 2015).
- Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците на Универзитетот (УКИМ, 2013 година).

Претседател на Одборот за евалуација

Скопје 05.09.2022

Проф. д-р Билјана Кузмановска